


# Golden Temjanika 2017

Златна Темјаника е премиум полусуво бело вино добиено од одбрани гроздови Темјаника. Карактеристиките и привлечноста на ова вино се истакнуваат со додавањето на нежни ливчиња од вистинско 23-каратно злато во самото вино. Златна Темјаника, освен со својот ултрамодерен, нежно-сјаен изглед, се одликува и со мирис кој е елегантен и сензуален, со комплексни овошни ароми на сува кајсија, кора од портокал и дискретни зачински поттонови. Вкусот е полн, избалансиран, со хармонична свежина и овошно-зачински послевкус. Златните ливчиња присутни во Златна Темјаника се наменети за употреба во гастрономијата, сосема се безбедни за конзумација и немаат влијание врз вкусот и мирисот на самото вино.

Златна Темјаника е вино чие создавање е инспирирано од величенственоста на обичните мигови кои ги споделуваме со другите луѓе. Визуелно присутната екстраваганција и нишката на луксуз кај ова вино претставуваат порака која не потсетува на убавината на едноставното уживање во животот.

Уживајте во ова вино како аперитив, во комбинација со лесни предјадења и суви колачи, пита од јаболка или поширани круши.

Препорачана температура на послужување: 7-10°C.

**Алкохол**: 14% Vol.

**Полнето**: Март 2018